**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 11-250
**09.07.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеја 8, член 23, став 1, алинеја 1, а во врска со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14) и Извештајот бр. 11-3594/1 од 07.07.2014 година, поради рееемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовузулени медиумски услуги, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, в.д. Директорот на Агенцијата донесе:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. СЕ ОПОМЕНУВА ТРД Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, **Друштво за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14) сторена на ден 03.07.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: ТВ Чеграни Медиа, ТВ Телма, Kopernikus, Kopernikus 2, Svet Plus, Atlas TV, Fox Turk, ATV, Kanal D, Star TV, Eurosport и Eurosport 2.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Друштвото за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниве нерегистрирани телевизиски програмски сервиси, и тоа: ТВ Чеграни Медиа, ТВ Телма, Kopernikus, Kopernikus 2, Svet Plus, Atlas TV, Fox Turk, ATV, Kanal D, Star TV, Eurosport и Eurosport 2, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

   Потврдите од став 1 на оваа точка, специфицирани се во Извештајот бр. 11-3594/1 од 07.07.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по дадениот налог односно опомена (во целост, делумно или не постапил).

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 03.07.2014 година, изврши програмски надзор на програмски сервиси реемитувани во дигиталниот програмски пакет на операторот **Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/13, бр. 13/14 и бр. 44/2014), на начин што **Друштвото за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово**, реемитувало странски телевизиски програмски сервиси кои не се регистирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервиси кои не се регистрирани од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: ТВ Чеграни Медиа, ТВ Телма, Kopernikus, Kopernikus 2, Svet Plus, Atlas TV, Fox Turk, ATV, Kanal D, Star TV, Eurosport и Eurosport 2.

Следствено на тоа, а врз основа на член 6, став 1, алинеја 4 , член 20, став 1 алинеја 8, член 23, став 1, алинеја 1 а врз основа на член 23, став 1, алинеја 1, член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот бр. 11-3594/1 од 07.07.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка, односно за исклучување на реемитувањето на нерегистрираните програмски сервиси.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своите работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Друштвото за производство трговија и услуги Теленет**

**Ком ДОО експорт-импорт Тетово**, постапило по налогот односно опомената и престанал со реемитување на програмските сервиси во својот дигитален програмски пакет, кои не се регистрирани во Агенцијата, а се наведени во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д.Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог бр.1. Извештај бр. 11-3594/1 од 07.07.2014 година

Доставено до:
- Друштвото за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово;
- Управителот на Друштвото за производство трговија и услуги Теленет Ком ДОО експорт-импорт Тетово;
- Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Ул 1.